**Известување за концентрација помеѓу Ц.И.А.К. АУТО д.о.о., Хрватска и Лукена Автоделови Експорт Импорт д.о.о., Северна Македонија (предмет бр. 08-75/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 12.07.2021 година, а дополнето на 19.07.2021 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на Ц.И.А.К. АУТО д.о.о. со седиште на Gornjostupnička 96, 10255 Gornji Stupnik, Република Хрватска, врз друштвото Лукена Автоделови Експорт Импорт д.о.о., со седиште на 15-та Корпус, бр. 2/3/7, Скопје, Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Ц.И.А.К. АУТО д.о.о.** е дел од групацијата ЦИАК на компании кои работат во земјите од регионот со над 1.000 вработени. Основните деловни активности на групацијата ЦИАК и нејзините зависни друштва вклучуваат трговија на големо и мало со автомобилски делови и управување со отпад. ЦИАК нема поврзани друштва, подружници или претставништва воРепублика Северна Македонија.

**Лукена Автоделови Експорт Импорт д.о.о.,** е друштво која увезува и дистрибуира авто делови, масла и мазива, сервисна опрема и козметика за автомобили.

Подносителот смета дека како релевантени пазар би можел да се дефинира пазарот на големо и мало на резервни делови за моторни возила во Северна Македонија

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

22.07.2021 година
Скопје